ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:29-173/7**

**Дата: 04.08.2011 година**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „УЛИЦИ И ПАТИШТА” СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Јавното претпријатие „Улици и патишта” Скопје за 2010 година.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е утврдено дека по голем број од препораките е постапено. Од вкупно дадените дванаесет препораки по седум е постапено, по четири препораки постапувањето е во тек, а не е спроведена една препорака која се однесува на изготвување на стратегија за управување со ризиците.

За вистинитоста и објективноста на резултатот од финансиските активности за 2010 година и за усогласеноста со законите и прописите е изразено негативно мислење.

Финансискиот план со кој се утврдуваат средствата и изворите за финансирање на активностите на претпријатието е усвоен во септември 2010 година, со задоцнување од повеќе месеци. Истиот се заснова на Програмата за одржување и заштита на магистралните и собирните улици и за регулирање на режимот на сообраќајот во Град Скопје во 2010 година усвоена од Советот на Град Скопје во јануари 2010 година. Ревизијата препорачува финансискиот план да се носи навремено, како би можело тековните активности навремено да се планираат и извршуваат.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

*3:*______________________

Голем дел од искажаните ненаплатени побарувања од купувачите, потекнуваат од 1993 до 2006 година, а по истите не се преземени мерки за навремена наплата. Заради изготвување реални финансиски извештаи надлежните да преземат мерки за редовно усогласување на побарувањата со купувачите.
Од увидот во постапките за јавни набавки од 2009 и 2008 година кои имаат влијаније на финансиските извештаи за 2010 година ревизијата констатира пропусти во примена на Законот за јавни набавки. Карактеристично е што во втората половина на 2010 година започнуваат да се надминуваат утврдените слабости во примена на Законот за јавни набавки.

**1. Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 15 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на ЈП „Улици и патишта" Скопје за 2010 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех, извештај за промени во капиталот и извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки/образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на ЈП „Улици и патишта" Скопје за 2007 година и е изразено негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Илија Мартиновски, директор до 27.04.2010 година, и
- Синиша Ивановски, в.д. директор од 27.04.2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека

активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали

се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.03.2011 до 29.04.2011 кај ЈП „Улици и патишта" Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година. Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија на 26.04.2011 година.
На ден 30.06.2011 година, примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, број 29-173/3 од 27.05.2011 година од Директорот на ЈП„Улици и патишта" Скопје. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот, со исклучок на забелешките на точките 4.2.4. и 4.3.4. кои делумно се прифаќаат во правец на дополнување на констатциите со цел дообјаснување на состојбите.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Систем на интерни контроли во процесите**

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на безготовинско плаќање ревизијата констатира дека и покрај тоа што при приемот и одобрувањето на документацијата за плаќање практично има воспоставено контроли, не се донесени пишани процедури за движењето на финансиската документација и одобрување на истата од одговорните лица на субјектот. Непостоењето на пишани процедури за движење на документацијата, создава ризик документацијата да не е доставена навремено во соодветната служба, како и ризик од некомплетно и ненавремено евидентирање на истата.
Во текот на ревизијата од страна на директорот на јавното претпријатие е донесен пишан документ, процедури за прием, контрола и книжење на влезни фактури кој е усвоен и од Управниот одбор.
Кај процесот на готовинско плаќање, констатирано е дека не се воспоставени контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола), со што не се избегнува ризикот од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на располагање со паричните средства во готово. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за платниот промет. Утврдената состојба го зголемува ризикот од несоодветно располагање со паричните средства и исплата на парични средства, без одобрување од одговорно лице.

4.1.2. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на пресметка и исплата на плати, процесот на набавка и трошење на залихите и процесот на јавни набавки ревизијата констатира дека има воспоставено контроли, но не се донесени пишани процедури за постапките во овие процеси со конкретни надлежности и одговорности на вработените.
Непостоењето на пишани процедури создава ризик од неефикасност на контролите.

**Препорака:**
Директорот на ЈП „Улици и патишта" Скопје да донесе пишани процедури за извршување на активностите во процесот на готовинско плаќање, плати, залихи и јавни набавки, а Управниот одбор истите да ги усвои.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Финансискиот план со кој се утврдуваат средствата и изворите за финансирање на претпријатието е усвоен во септември 2010 година. Истиот се заснова на Програмата за одржување и заштита на магистралните и собирните улици и за регулирање на режимот на сообраќајот во Град Скопје во 2010 година усвоена од Советот на Град Скопје. Имајќи предвид дека оваа програма е донесена

во јануари 2010 година, надлежните органи на јавното претпријатие требало веднаш по нејзиното усвојување да го донесат Финансискиот план, бидејќи врз основа на утврдените извори за финансирање договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година. Со оглед дека Финансискиот план е усвоен со задоцнување од осум месеци од тековната година, а Планот за јавни набавки е усвоен во јануари, спроведените набавки до септември се без утврдени извори за финансирање што не е во согласност со член 26 и 28 од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**
Финансискиот план да се носи навремено, согласно донесувањето на буџетот и Програмата за одржување и заштита на магистралните и собирните улици и за регулирање на режимот на сообраќајот во Град Скопје, како би можело тековните активности навремено да се планираат и извршуваат.

4.2.2. Јавното претпријатие во известувачкиот период и покрај пополнетиот број на систематизирани работни места согласно Правилникот за систематизација, има ангажирано дополнител број на работници за извршување на определени активности во претпријатието, преку Младинска агенција и со истите има склучено месечни договори за дело. Бројот на лица со кои се склучени договори за дело од месец во месец е променлив и се движи од 2 до 18 лица во месец. По овој основ се пресметани и исплатени средства во бруто износ од 1.640 илјади денари.
Ваквата состојба не е во согласност со Законот за Агенциите за привремени вработувања. Ангажирање на лица спротивно на законските прописи предизвикува неможност за остварување на права од работен однос, односно правото на пензиско и здраствено осигурување.

4.2.3. Во текот на 2010 година добиена е субвенција од Градот Скопје во износ од 30.000 илјади денари. Во Одлуката за субвенционирање на ЈП „Улици и патишта" е уредено дека намената и распределбата на добиените средства со своја Одлука треба да ја утврди Управниот одбор. Таква Одлука не е донесена од страна на Управниот одбор, туку од Директорот на јавното претпријатие, што создава ризик од нетранспарентност во трошењето на средствата.

**Препорака:**
Одлуките на Советот на Град Скопје кои се однесуваат на финансиското работење на јавното препријатие, да се спроведуваат во согласност со одредбите на донесената одлуката.

4.2.4. ЈП „Улици и патишта" нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност член 29 и член 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на јавното

претпријатие нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти. Имплементацијата на Единица за внатрешна ревизија е со цел да се обезбеди независно, разумно и објективно уверување и совет за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола со поддршка за остварување на целите на субјектот.
Од Секторот за внатрешна ревизија на Град Скопје извршена е ревизија на финансиските извештаи за 2009 година на Јавното претпријатие „Улици и патишта„ Скопје.

**Препорака:**
Надлежните органи на ЈП „Улици и патишта" да преземат активности за воспоставување на систем за внатрешна ревизија.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата за 2010 година кај ЈП „Улици и патишта" Скопје не е извршен во целост поради тоа што:
- пописните листи за извршениот попис на нематеријалните и материјалните средства не ги содржат сите потребни податоци, туку истите се состојат од назив на средствата и количина утврдена со пописот. Нема податоци за состојбите според сметководствената евиденција и евентуалните разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба, и
- не е извршен попис на побарувањата и обврските и не е утврдена реалноста на искажаните износи и причините за ненавремената наплата, односно плаќање на истите.

Претходно наведеното не е во согласност со Законот за трговските друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.
Непреземањето на потребни активности и мерки за спроведување на целосен попис придонесува за неусогласеност на сметководствената евиденција со состојбата утврдена со пописот, со што се создава ризик од нереално искажани состојби на средствата и изворите на средствата во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да пропишат политики за начинот на постапување на пописните комисии и за начинот на целосно извршување на пописот.

4.3.2. Вкупните побарувања на јавното претпријатие на крајот на 2010 година изнесуваат 75.005 илјади денари. Испратени се конфирмации до 9 купувачи од кои побарувањата изнесуваат 63.408 илјади денари. Повратно се добиени одговори од 5 купувачи при што потврдена е состојбата за износ од 2.781 илјада денари или 4% од побарувањата, додека 3 купувачи со евидентирани побарувања од 46.195 илјади денари одговориле дека истите немаат никакви долгови кон јавното претпријатие.
Од извршената анализа на дел од салдата на побарувањата во вкупен износ од 43.904 илјади денари, ревизијата констатира дека поголем дел од нив потекнуваат од минати години, од 1993 до 2006 година. Не се преземени мерки за наплата и нема судски постапки, иако согласно одредбите од членот 363 од Законот за облигационите односи побарувањата од договорите за промет на стоки и услуги застаруваат за три години.

**Препорака:**
Одговорните лица од финансискиот сектор да извршат проверка на веродостојноста на овие побарувања, да извршат усогласување со купувачите и за ненаплативите и застарени побарувања да преземат мерки за надминување на состојбите.

4.3.3. Состојбата на сметката Аванси, депозити и кауции за суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми на крајот на 2010 година е повеќе искажана за 772 илјади денари, поради неевидентирани обврски или поради повеќе исплатени износи по основ на извршни судски решенија за кои во сметководството нема поткрепувачка документација. Ова резултира со нереално искажани состојби во завршната сметка на јавното претпријатие и не е во согласност со одредбите на членовите 471 и 472 од Законот за трговски друштва каде што водењето на трговските книги треба да се врши врз основа на веродостојни сметководствени документи и на начин што ги прави видливи состојбата на средствата и обврските.

**Препорака:**
За сите комитенти кај кои се искажани побарувања по основ на аванси (повеќе платени обврски) да се изврши преиспитување на обврските по кои се извршени плаќања и во случај на непоткрепено плаќање да се:
- бара поврат на повеќе платени средства по редовен или судски пат;
- со комитентите за кои истовремено постојат обврски, да се изврши нивно пребивање;
- доколку во ЈП Улици и патишта се примени фактури за кои не постои сигурност дека се веродостојни, да се преиспита нивната веродостојност и да се изврши нивно евидентирање во сметководството.

4.3.4. Искажани се обврски за примени, а нефактурирани стоки и услуги во износ од 1.581 илјади денари. Приемниците и другите документи се од 2010 година. За дел од нив се добиени фактури кои сметководствено не се евидентирани, меѓутоа, магационерот го потврдил нивниот прием, така што, должничко-доверителниот однос е настанат и е настаната обврска за плаќање. Дел од фактурите се примени по завршување на ревизијата, а дел се вратени на добавувачите бидејќи стоките се фактурирани по повисоки цени од понудените во тендерската документација. До денот на завршување на ревизијата салдото на овие обврски е непроменето во однос на крајот на 2010 година. Неплаќањето на преземените обврски во законските рокови, создава ризик од поведување на судски постапки и плаќање на трошоци за камати и извршни трошоци, што влијае на влошување на финансиската состојба на јавното претпријатие. Потврда е значителниот број на судски постапки што се во тек.

**Препорака:**
Примената веродостојна и комплетна сметкодствена документација навремено да се евидентира.

**4.4. Користење на средствата согласно законските прописи**

4.4.1. Спроведена е отворена постапка бр.05/2010 за набавка на потрошен материјал за сектор сообраќај (хоризонтална, вертикална и светлосна сигнализација). Огласот е доставен и објавен во Службен весник на Република Македонија и на веб страницата на Бирото за јавни набавки. Со увид во документацијата ревизијата утврди дека критериумите за оваа набавка утврдени во тендерската документација се разликуваат од критериумите наведени во објавата во Службен весник на Република Македонија и на веб страницата на Бирото за јавни набавки. Имено, во тендерската документација како критериум е наведена економски најповолна понуда со елементи: цена и квалитет, а во објавата во Службен весник и на веб страницата на Бирото за јавни набавки е наведен критериум најниска цена. Според извештајот за евалуација понудите се евалуирани според критериумот економски најповолна понуда и на четирите понудувачи им се доделени максимален број бодови за критериумот квалитет со што евалуацијата фактички е спроведена според критериумот најниска цена. Неусогласеноста помеѓу објавите и тендерската документација, претставува менување на критериумите за доделување на договор за јавна набавка во фазата на спроведување на постапката, што не е во согласност со одредбите од Законот.

**Препорака:**
Да се следи и усогласува тендерската документација со објавата за јавна набавка и во случај на потреба истата да се менува на транспарентен начин.

4.4.2. Во текот на 2010 година е спроведена постапка за јавна набавка на битумен. Критериумите за доделување на договорот е економски најповолна понуда, односно најниска цена и квалитет. Пријавени се тројца понудувачи. Најниската цена изнесува 24,1 денари, а највисоката 33,0 денари.

Вреднувањето на цената е во согласност со методологијата, додека за квалитет сите понудувачи имаат добиено ист број на бодови, без објаснување како е вреднуван квалитетот. Решавачко во изборот на најповолен понудувач е најниската понудена цена од 24,1 денари.

Во моментот на понудите, избраниот понудувач врши испорака на битумен на јавното претпријатие (по спроведена постапка и склучен договор во претходна година) по цена од околу 33 денари. Понудената единечна цена е многу пониска од фактурираната, а комисијата не побарала објаснување за понудената цена. Сите понатамошни испораки, по договорот од 2010 година се движат околу цената од 33 денари и се менливи во зависност од цената на берзата.

Во понудата на јавното претпријатие нема клаузула за менливост на цената, во моделот на договор што се доставува до понудувачот и кој е прифатен од страна на избраниот добавувач е регулирано дека цените се фиксни, меѓутоа, во склучениот договор се предвидени променливи цени, што значи менување на тендерските услови. При отварањето на понудите, учесниците во постапката побарале изземање на клаузулата за фиксни цени бидејќи се работи за берзански производ. Ова не е во согласност со членот 38 од Законот за јавни набавки каде е уредено дека измени и дополнувања на тендерската документација можат да се вршат најдоцна шест дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество. Промената на тендерските услови надвор од законскиот рок создава ризик од нетранспарентност во постапката и ставање во нерамноправна положба на можни други понудувачи.

Фактурираната цена во текот на реализација на договорот не е во согласност со понудата и е значително повисока од понудената цена. Добавувачот промената на цената ја темели на промена на цената на сурова нафта на светскиот пазар и промена на цената на битуменот на берзата на денот на испораката, меѓутоа, нема објаснување за значителната разлика меѓу понудената и фактурираната цена.

**Препорака:**

Склучувањето и реализацијата на договорите да се врши согласно понудените услови врз основа на кои е избран најповолниот понудувач со кого е склучен договорот.

4.4.3. Спроведена е постапка бр.06/09 за набавка на градежно-занатски работи, која е предвидена во Планот за јавни набавки за 2009 година како отворен повик, без наведена проценета вредност на набавката. Во Одлуката за распишување на набавката е предвидено да се спроведе како отворена постапка, при што не се наведени износот и изворот на средствата потребни за набавката, што не е во

согласност со член 28 од Законот за јавни набавки. Тендерот е деллив по единаесет ставки и истиот е објавен во Службен весник на Република Македонија и на веб страницата на Бирото за јавни набавки, како ограничена постапка без наведување на критериум за избор на најповолна понуда. Во извештајот за евалуација на првата фаза на ограничениот повик, за првпат се наведуваат критериумите за евалуација на полноважните понуди – економски најповолна понуда со елементи: цена, рок и начин на плаќање и квалитет. Критериумите за доделување на договорот за јавна набавка по оваа постапка не се јасно и транспарентно дефинирани во огласот за доделување на договорот и истите се менувани за времетраењето на постапката за доделување на договор за јавна набавка што не е во согласност со член 161 од Законот за јавни набавки. Понатамошниот тек на постапката се одвива како да е спроведувана постапка за склучување на рамковна спогодба, бидејќи периодично следат покани за одделните ставки од предметот на набавката, избирани се најповолни понудувачи по фази кои ги вклучуваат ставките од предметот на набавката и склучувани се договори зависно од спроведените фази. Ревизијата утврди дека во зависност од фазата се применувани различни критериуми за евалуација. Во периодот јули – септември 2009 година се склучени четири договори во вкупна вредност од 27.158 илјади денари. Во септември 2009 година до јавното претпријатие поднесена е жалба од незадоволен понудувач, по која јавното претпријатие доставило одговор, но не ја доставило целокупната документација до Државната комисија за жалби по јавни набавки, што не е во согласност со член 215 од Законот за јавни набавки. Државната комисија во мај 2010 година, бара од ЈП комплетирање на документацијата во врска жалбата и во јуни носи решение со кое ја уважува жалбата на незадоволниот понудувач, со што ја поништува одлуката за избор на најповолен понудувач и ја поништува ограничената постапка бр.06/09 во целост, поради суштински повреди на постапката.

Јавното претпријатие во јули, со тужба за поништување на решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки поведува управен спор пред Управниот суд, по кој сеуште не е донесена одлука.

Во врска со оваа постапка и склучените договори на јавното претпријатие до јуни 2010 година, односно до решението за целосно поништување на постапката, фактурирани се обврски во износ од 15.425 илјади денари.

Непочитувањето на законските одредби придонело за нарушување на конкурентноста и еднаквата положба на понудувачите во постапката што резултира со склучени договори и преземени обврски кои не се во согласност со законските одредби.

Ревизијата не дава препорака, бидејќи кај спроведениот тендер за градежно – занатски работи во 2010 година, ревизијата не констатира неправилности.

4.4.4. Во текот на 2008 година, спроведена е постапка бр.07/08 за набавка на градежно- занатски работи. Оваа набавка е предвидена во Планот за јавни набавки за 2008 година, кој е донесен без утврдени извори на средства и без проценета вредност на планираната набавка, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки. Во Одлуката за распишување на набавката не е наведен износот на средствата потребни за набавката што не е во согласност со членот 28 од Законот за јавни набавки, а количината на набавката се бара според спецификација која е составен дел на тендерската документација. Во тендерската документација наведени се видови на градежно-занатски работи предмет на постапката за јавни набавки, без наведување на количини, односно барани се единечни цени по позиции, поради што и склучените договори не содржат одредби за вкупна вредност на набавката. Во текот на 2009 и 2010 година по склучените договори фактурирани се вкупно 26.213 илјади денари како фактички извршена работа. Непостоењето на финансиски план, односно неутврдени извори и износи на средства како и неутврдени потребни количини на набавка, придонесува за нарушување на начелото на конкурентност и ставање во повластена положба на избраниот понудувач.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 4.3.2. и 4.3.3. се повеќе искажани побарувања и аванси за износ од 44. 676 илјади денари.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈП „Улици и патишта„ Скопје на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2. до 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈП „Улици и патишта„ Скопје, во сите материјални аспекти не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Во текот на ревизијата од страна на надлежните од ЈП „Улици и патишта„ Скопје беа прифатени и спроведени извесни корекции, како резултат на утврдени погрешни прикажувања, и тоа:

- зголемување на набавната вредност на Градежните објекти за износ од 259 илјади денари со истовремено зголемување на Исправката на вредноста на градежните објекти, поради погрешно евидентирање на вложувања во реконструкција на деловни објекти во асфалтна база;
- намалување на состојбата на сметката Државен јавен капитал за износ 18.858 илјади денари со истовремено зголемување на состојбата на сметката Останато одложено плаќање на трошоците и приходите во идните периоди, поради погрешно евидентирање на добиена опрема од Градот Скопје на трајно користење;
- зголемување на состојбата на сметката Побарувања од купувачите во земјата за износ 8.850 илјади денари со истовремено зголемување на состојбата на сметката Вредносното усогласување на побарувањата од купувачите поради погрешно евидентирање на утужени побарувања.

Извршените корекции не ја менуваат вкупната вредност на активата и пасивата, туку само вредноста на одделни билансни позиции.

**6. Нагласување на прашања на неизвесност**

6.1. ЈП "Улици и патишта„ Скопје врши работи/услуги за одржување и заштита на магистралните и собирните улици и регулирање на режимот на сообраќај за потребите на Градот Скопје. Овие активности се извршуваат на основа донесени програми на Советот на Градот Скопје и склучени договори со кој е утврден обемот на средства за оваа намена кој за 2010 година се лимитирани на износ од 120 000 илјади денари. Извршувањето на работите од страна на ЈП за Градот Скопје е врз основа добиен налог од стручните служби за Градот Скопје. И покрај ицрпените износи на договорите Градот Скопје продолжува да дава налози за работа без да се склучат анекси кон основните договори.
ЈП "Улици и патишта„ Скопје за извршените работи/услуги за месец декември 2010 година за потребите на Градот Скопје фактурите ги има изготвено и испоставено во месец март 2011 година. Надлежните како причина за таквото постапување го наведуваат фактот дека Градот Скопје им ги враќал фактурите со образложение дека е исцрпен износот од договорот за 2010 година и ги упатувал да фактурираат во 2011 година. Трошоците за извршување на овие работи/услуги се направени и искажани во финансиските извештаи за 2010 година, додека приходи по овој основ не се искажани. Согласно принципот на пресметковно сметководство ефектите на трансакциите и другите настани се признаваат кога ќе настанат и тие се

евидентираат во сметководствената евиденција и се вклучуваат во финансиските извештаи во периодите за кои се однесуваат.

6.2. ЈП„Улици и патишта“ на крајот на 2010 година има искажано учество во вложување (партиципации) во износ од 685 илјади денари. Овој износ претставува евидентирана сметководствена вредност на обични акции во деловна банка, со состојба на 31.12.2003 година. Во ноември 2006 година, добиено е известување од Централниот депозитар дека акциите кои ги поседувало јавното претпријатие во банката се префрлени на сметката за хартии од вредност на Министерството за финансии, заради спроведување на Одлуката на Министерството за јавна берзанска аукција. Со оглед на фактот дека јавното претпријатие во Централниот депозитар нема евидентирано сопственост, за овој износ се повеќе искажани средства на јавното претпријатие.

6.3. Обрнуваме внимание дека ЈП „Улици и патишта“ Скопје е тужена странка од 25 субјекти и тоа:

- од 9 физички лица од кои за 7 лица за долг во износ од 2.113 илјади денари, а за 2 лица без утврден износ на долгот, и
- од 16 правни лица за долг во износ од 15.886 илјади денари.

ЈП Улици и патишта Скопје се јавува како тужител на 26 субјекти, од кои за 25 правни лица за побарување во износ од 3.221 илјади денари и управен спор против Државна комисија по жалби за јавни набавки за поништување на решение.

Во моментот конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 27.07. 2011 година

**ЈП "УЛИЦИ И ПАТИШТА" СКОПЈЕ**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2010 ГОДИНА**

| | | | во 000 Ден. |
|---|---|---|---|
| **ОПИС** | **Образло-женија** | **2010** | **2009** |
| Приходи од продажба | 3.1. | 162.940 | 193.571 |
| Останати деловни приходи | 3.2. | 36.548 | 5.888 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **199.488** | **199.459** |
| Материјални трошоци | 3.3. | 75.164 | 108.493 |
| Трошоци за бруто плати | 3.4. | 80.297 | 85.935 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.5. | 1.055 | 422 |
| Вредносно усогласување на краткорочни средства | 3.6. | 5.206 | 3.112 |
| Останати оперативни трошоци | 3.7. | 17.304 | 18.160 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **179.026** | **216.122** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.8. | 6 | 4 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.9. | 4.411 | 4.415 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | | **16.057** | **(21.074)** |
| Вонредни приходи | 3.10 | 213 | 1.619 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | **16.270** | **(19.455)** |
| **Данок од добивка** | | **688** | **676** |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | | **15.582** | **(20.131)** |

**ЈП "УЛИЦИ И ПАТИШТА" СКОПЈЕ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1. | 54 | 49 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2. | 75.386 | 83.893 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 4.3. | 50 | 50 |
| Други краткорочни побарувања | 4.4. | 397 | 281 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.5. | 163 | - |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.6. | 1.699 | 1.619 |
| Залихи | 4.7. | 12.566 | 11.961 |
| **Вкупно тековни средства** | | **90.315** | **97.853** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.8. | 20.748 | 1.457 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.9. | 685 | 685 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **21.433** | **2.142** |
| **Вкупна актива** | | **111.748** | **99.995** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.10. | 76.245 | 96.468 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.11. | 32 | 56 |
| Останати краткорочни обврски | 4.12. | 101.781 | 103.803 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.13. | 18.948 | 508 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **197.006** | **200.835** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.14. | 23.186 | 23.186 |
| Ревалоризациона резерва | 4.15. | 88 | 88 |
| Резерви | 4.16. | 752 | 752 |
| Нето добивка | 4.18 | 15.582 | 0 |
| Пренесена загуба | 4.17. | (124.866) | (104.735) |
| Загуба за финансиска година | | 0 | -20.131 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **(85.258)** | **(100.840)** |

ЈП "УЛИЦИ И ПАТИШТА" СКОПЈЕ

П Р Е Г Л Е Д

ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2010 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Премии на капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Непокриена загуба | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **23.186** | - | **752** | **88** | - | **(104.735)** | **(20.131)** | **(100.840)** |
| Уплати на акции | | | - | | - | | | - |
| Добивка за финансиска 2010 година | | | | | 15.582 | | | **15.582** |
| Загуба за финансиска година | | | | | | (20.131) | 20.131 | - |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **23.186** | - | **752** | **88** | **15.582** | **(124.866)** | - | **(85.258)** |

| | |
|---|---|
| **ЈП „УЛИЦИ И ПАТИШТА„ СКОПЈЕ** | |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2010 ГОДИНА** | |
| | |
| | во 000 денари |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 15.582 |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| | |
| Амортизација | 1.055 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 5.206 |
| Данок од добивка | 688 |
| **Готовински текови од работење** | **22.531** |
| Побарувања по основ на продажба | 8.507 |
| Други краткорочни побарувања | (117) |
| Платени трошоци за идните периоди | (163) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | (80) |
| Залихи | (605) |
| Обврски спрема добавувачи | (20.223) |
| Краткорочни обврски од финансирање | (24) |
| Останати краткорочни обврски | (8.970) |
| Одложени плаќања на трошоци | 18.440 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(3.235)** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (19.291) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(19.291)** |
| | |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | 5 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 49 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 54 |
| | |

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 05-2268
25.06.2011 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

**Јавно претпријатие УЛИЦИ И ПАТИШТА**

**Ул. Коле Неделковски 38 ♦ 1000 СКОПЈЕ ♦ МАКЕДОНИЈА**

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул.Македонија бр.12/3
Палата Македонија

30.06.2011
29 173/6

Предмет: Забелешки на Нацрт извештај
бр.29-173/3 од 27.05.2011 г

Во прилог Ви ги доставуваме Забелешките на Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2010 г на ЈП Улици и патишта Скопје.
Со почит.

Изготвил
Сектор Финансии
Виолета Стаменовска

**ДИРЕКТОР**
Синиша Ивановски

тел. 02/ 3162-317 ♦ Факс: 3162-744 ♦ Техничка служба: 3117-662 ♦ Механизација: 2783-530
Жиро сметка: 300000001198471 Деп. Комерцијална банка АД Скопје
370011100068152 Деп .Еуростандард банка АД Скопје

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 05-2268/1
28.06.2011 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

**Вовед**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на ЈП Улици и патишта Скопје за 2010 г.

До Јавното претпријатие доставен е Нацрт извештај на овластениот државен ревизор во кој се евидентирани одредени наоди и препораки.

Во врска со констатираните неправилности и дадените препораки за нивно надминување имаме одредени забелешки кои Ви ги доставуваме во прилог.

**Наоди и препораки**

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

**4.2.4** Со оглед на фактот дека основач на ЈП Улици и патишта е Градот Скопје каде постои Сектор за ревизија кој константно врши ревизија на работењето на јавните претпријатија основани од Градот Скопје, исполнети се одредбите од член 29 член 30 од законот за јавна внатрешна контрола.

При ревизијата доставен и Извештај од извршена ревизија за 2009 г изготвен од страна на Секторот за ревизија во Градот Скопје.

**4.3. Финансиски извештаи**

**4.3.1** Во врска со наодот дека Пописот на средствата и изворите на средствата не е завршен во целост поради тоа што пописните листи за извршениот попис не ги содржат сите потребни податоци се согласуваме само во одреден дел.

При ревизијата презентирани се на проверка сите пописни листи од извршениот попис при што е евидентно дека пописните листи за извршен попис на материјали,ситен инвентар, резервни делови, ХТЗ опрема и гориво во магацин и на асфалта база, попис на ситен инвентар и ХТЗ опрема по лица ги содржат сите потребни податоци, односно назив на средства и количини утврдени по попис, состојбата на средствата според сметководствената евиденција како и разликите меѓу фактичката и сметководствената состојба доколку ги има. Значи, во овој дел од извршениот попис тој е извршен во целост и во согласност со ЗТД и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката сосотојба.

Пописот на побарувања и обврски е исто така извршен за што има Извештај од комисијата за попис на побарувања и обврски, хартии од вредност и парични средства во благајна усвоен од УО на ЈП со Одлука бр. 02-334/2 од 07.02.2011 г. Како составен дел на овој Извештај приложен е список на фирмите кај кои се врши отпис согласно законските прописи кој содржи: назив на субјектот, дата и број на документот по кој се врши отпис, износот како и забелешка за причините кои довеле до ненавремена исплата.

**Прилог:** Извештај од Пописна комисија за попис на побарувања и обврски,хартии од вредност и парични средства во благајна

Одлука за отпис на побарувња и обврски донесена од УО на ЈП

**4.3.4** Констатирани се обврски за примени, а нефактурирани стоки во износ од 1.581 илјада денари каде приемниците и другите документи се од 2010 г. За дел од нив се добиени фактури во периодот по ревизијата, а дел сеуште се водат како нефактурирани стоки. Согласно потпишаните приемници и други документи не е спорно дека стоките се стигнати во ЈП, но скоро кај сите проблемот што не се евидентирани е друг – кај дел фактури се стигнати, но има проблем со цената која била повисока од онаа понудена во тендерската документација и како таква неприфатлива. Ваквите фактури се вратени и побарано е од фирмите да фактурираат по тендерски цени, односно постапката на евидентирање е во тек.

**4.4. Користење на средствата согласно законските прописи**

**4.4.2** Во наодот кој се однесува за постапката за набавка на битумен стои препораката да реализацијата на договорите се врши согласно понудените услови врз основа на кои е склучен договорот, во случајов тоа се однесува на понудената цена.

Во самиот текст на нодот е констатирано дека цените по кои е фактурирна понатаму битуменот се движат околу 33,00 ден и се менливи во зависност од цената на берзата.

Клучен, меѓутоа е фактот што иако најниската понудена цена од избраниот понудувач е 24,1 ден реално пазарната цена во тој момент изнесувала 33,00 ден. Ова значи дека не станува збор за набавка на стоката по цени повисоки од пазарните, туку само за разлика која се појавила меѓу понудената и фактурираната цена, а тоа се објаснува со наглите промени во висината на цената на битуменот на светските берзи во овој период.

Сепак,за да се избегнат било какви проблеми во иднина во оваа смисла, веќе во новиот тендер за битумен се вклучени клаузули со кои ваквата евентуална ситуација на разлика меѓу понудена и фактурирана цена е избегната.

Изготвил

Сектор Финансии

Виолета Стаменовска

Д и р е к т о р

Синиша Ивановски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА RRUGË DHE RRUGICA NDËRMARRJES PUBLIKE СКОПЈЕ-SHKUP

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки по констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година
кај ЈП „Улици и патишта“ Скопје

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на ЈП „Улици и патишта“ Скопје за 2010 година добиени се забелешки од директорот на јавното претпријатие, под број 05-2269 од 29.06.2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-173/6 од 30.06. 2011 година.

**Забелешките се доставени во законски утврдениот рок.**

Забелешките се однесуваат на наодите од точките: 4.2.4., 4.3.1., 4.3.4. и 4.4.2. . Истите се разгледани и е утврдено следното:

Забелешката на наодот од **точка 4.2.4.** која се однесува за основање на Единица за внатрешна ревизија, **делумно се прифаќа,** од следните причини. Законот за јавна внатрешна финансиска контрола поточно одредбите од членовите 29 и 30 ја регулираат обврската кои субјекти треба да основаат единица за внатрешна ревизија и во тој контекст наодот останува. Истиот се надополнува во делот на состојбата дека за работењето на јавното претпријатие за 2009 година е извршена ревизија од Секторот за внатрешна ревизија на Градот Скопје.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.1.** која се однесува за определените слабости кај извршениот попис со состојба на 31.12.2010 година, **не се прифаќа,** бидејќи не е постапено согласно Законот за трговските друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба како и не се доставени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на ревизорското мислење.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.4.** која се однесува на искажани обврски за примени, а нефактурирани стоки и услуги, **се прифаќа делумно,** во контекст на надополнување на наодот како причина за утврдената состојба. Имено, ЈП „Улици и патишта“ не го оспоруваат фактот дека стоките се примени во јавното претпријатие, со објаснување дека дел од фактурите се примени по завршување на ревизијата, а дел се вратени на добавувачите бидејќи стоките се фактурирани по повисоки цени од понудените во тендерската документација.

Забелешката на наодот од **точка 4.4.2.** која се однесува на слабости во постапката за набавка на битумен за 2010 година**, не се прифаќа,** бидејќи даденото објаснување не го оспорува фактот дека фактурираната цена во текот на реализација на договорот не е во согласност со понудата и е значително повисока од понудената цена. Ревизијата не тврди дека е вршена набавка на стоки по цени повисоки од пазарните, туку дека добавувачот нема објаснување за значителната разлика меѓу понудената (24,1 денари) и фактурираната цена од 33 денари.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________

*2.* ____________________ ____________________

**Прилог 3**

**Резултати**

од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на ЈП „Улици и патишта„ Скопје број 1103-294/4 од 30.04.2009 година

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **11.1.** | **Систем на интерни контроли во процесите** | | | |
| 11.1.1. | Надлежните органи за раководење со претпријатието во 2007 година не превземале активности за утврдување, проценка и контрола на настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието односно обезбедување на сигурност дека целите ќе се постигнат што не е во согласност со одредбите на Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Непревземањето на наведените активности | Надлежните органи за раководење на претпријатието да превземат активности за утврдување, проценка и контрола на можните настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието/изготвување на стратегија за управување со ризиците и нејзино | Неспроведена препорака | Не е донесено стратегија |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | предизвикува отсуство/немање на стратегија за управување со ризиците, отсуство на активности за превенција и минимизирање на ризикот од неисполнување на целите. | континуирано ажурирање | | |
| 11.1.2. | При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола), со што се создава ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки, набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови и соодветно користење на средствата, што не е во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за јавни набавки. Ваквата состојба има за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките и законско користење на средствата. | Надлежните органи на претпријатието да пристапат кон пропишување, донесување и имплементирање на контролни постапки во погоренаведениот процес. | Нецелосно спроведена препорака, спроведување во тек | На ден 21.03.2011 година Управниот одбор со одлука бр.02-822/1 од 21.03.2011 год. ги усвои Процедурите за контролните постапки.<br>Прилог: Одлука и Процедури од 21.03.2011 година<br>Во рамките на оваа процедура опфатени се процедури во делот на реализација на договорите за Јавни набавки преку следење на количини и цени |
| **11.2.** | **Неправилна примена на акти** | | | |
| 11.2.1. | "Улици и патишта" во сметководствената | Надлежните органи на | Спроведена | Согласно Законот за плаќање на рати |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | евиденција на име обврски за данок на додадена вредност, обврски за данок од добивката, обврски за персонален данок на други примања и персонален данок од плати заклучно со известувачкиот датум 31.12.2007 година искажува обврски во вкупен износ од 68.137 илјади денари односно до денот на ревизијата изнесуваат 78.694 илјади денари и тоа како што следува:<br><br>-данок на додадена вредност во износ од 60.298 илјади денари, односно 71.383 илјади денари ;<br>-данок од добивка во износ од 6.960 илјади денари, односно 6.710 илјади денари;<br>-персонален данок од плати во износ од 879 илјади денари, односно измирен во текот на 2008 година и<br>-обврски за персонален данок на други примања во износ од 601 илјади денари.<br><br>Започнувајќи од 2006 година до денот на ревизијата “Улици и патишта” доставило повеќе барања до Министерството за финансии-Управа за јавни приходи за одлагање на плаќање на даночниот долг за што Министерството за финансии-Управа за јавни приходи донесува повеќе решенија за одложено плаќање и присилна наплата но по истите не е | претпријатието континуирано да ја следат состојбата за условите, начинот и постапката на подмирување на обврските спрема Буџетот на Република Македонија кој претставува услов за добивање на правото на отпишување на каматите на наведените јавни давачки. | | на даночни долгови на јавните претпријатија и трговски друштва основани од Р.Македониоја, односно од општините или градот Скопје добиено е Решение од РМ Мининистерство за финансии-Управа за јавни приходи бр.22-29/97/3790/1 од 15.02.2010 год.за плаќање на рати на даночен долг по основ на ДДВ и ДД на 120 еднакви рати со грејс период од 36 месеци кој започнува да тече од 13.02.2010 заклучно со 13.02.2013 година<br>Прилог: Решение бр.22-29/97/3790/1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | постапувано. Неизмирување и ненавремено измирување на горенаведените обврски не е во согласност со одредбите од Законот за данокот на додадена вредност, Законот за данокот на добивка и Законот за персоналниот данок на доход. Непочитувањето на одредбите од наведените законски акти и непревземањето на мерки и активности за плаќање на наведените даноци предизвикува потценување на приходите на Буџетот на Републиката за годината за која субјектот имал обврска да ги уплати соодветните даноци. На ден 23.01.2009 година согласно Законот за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување до Управата за јавни приходи поднесено е Барање за отпис на пресметаните неплатени камати по основ на обврските за јавни давачки кои доспеале за плаќање до 31.12.2008 година. | | | |
| 11.2.2. | На име обврски за плати и придонеси од плати од минати години "Улици и патишта" во сметководствената евиденција на 31.12.2007 година искажува обврска во вкупен износ од 4.248 илјади денари и тоа како што следува:<br><br>-придонес за пензиско и инвалидско | "Улици и патишта" во соработка со основачот – Градот Скопје и надлежните органи да превземе соодветни активности и мерки за начинот на подмирување на | Спроведување во тек | Придонесот за вработување во износ од 260.000,00 ден. е платен во 2008 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | осигурување во износ од 3.988 илјади денари;<br>-придонес за вработување во износ од 260 илјади денари;<br><br>Наведеното салдо потекнува од обврска за пресметан, а неуплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување за 2004 и 2005 година. Имено за обврската за неуплатен придонес за 2004 и 2005 година во износ од 7.197 илјади денари склучен е Договор заведен под број 05 – 2555 од 29.08.2006 година со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за одложено плаќање на заостанатиот придонес за пензиско и инвалидско осигурување за 2004 и 2005 година и истите се подмируваат по одредена динамика во 24 месечни рати почнувајќи од 30.09.2006 до 31.08.2008 година. До 16.06. 2008 година измирена е дел од заостанатата обврска на име придонес за ПИО и истата обврска изнесува 2.890 илјади денари и до денот на ревизијата не е извршено уплаќање на заостанатиот долг а обврската за придонес за вработување е подмирена. Неплаќањето на пресметаните придонеси од плати не е во согласност со одредбите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Законот за вработување. Непочитувањето на одредбите на наведените законски акти и непревземањето на | заостанатите придонеси од плати за 2004 и 2005 година.<br><br>-“Улици и патишта” да превземе мерки за усогласување на состојбата на придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување со Фондот за ПИОМ и за утврдените разлики да изврши доплата.<br><br>-“Улици и патишта” да воспостави соодветни процедури и постапки кои ќе овозможат плаќање на јавните давачки во моментот на настанување на нивната обврска. | | Придонесот за ПИО до денеска е уплатен износ од 4.588.208,00 денари а за остатокот во износ од 2,608,692,50 ден.со Фондот на ПИО ќе се направи ново слагање и врз основа на записничкото усогласување ќе се склучи нов ревидиран Договор (затоа што во изминатиот период некои од вработените при заминување во пензија за овој неплатен период поднесуваа тужба и по овој основ им се плати овој период).<br><br>Во тек се преговори со основачот-Град Скопје за воспоставување на процедури и постапки врз основа на кои ќе се овозможи плаќање на извршени работи во рокови кои се пропишани согласно Законот како би |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | мерки за плаќање на придонесите од плати предизвикува потценување на приходот на фондовите каде се уплатуваат придонесите за годината за која "Улици и патишта" имало обврска да ги уплати придонесите. | | | можеле навремено да ги сервисираме обврските по основ на јавните давачки. |
| 11.2.3. | „Улици и патишта" не презентираше соодветни и веродостојни документи од кои може да се констатира дека пристапиле односно Директорот ги превземал потребните активности за:<br><br>-изработување и предлагање на Финансиски план кој ги содржи сите приходи и расходи на претпријатието и инвестициите со динамиката на нивното реализирање,<br>-изготвување на тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење и нивно доставување до основачот на претпријатието, и<br>-изготвување извештаи за работењето на претпријатието на секои шест месеци обрнувајќи посебно внимание на содржината на податоците за видот и обемот на работите | Основачот на претпријатието и надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да превземат активности и ги задолжат надлежните вработени односно директорот на претпријатието за континуирано, навремено и квалитетно изготвување на наведениот план и наведените извештаи и негово односно нивно доставување до надлежните органи. | Спроведена | Јавното претпријатие за 2010 година изготви Финансиски план кој е усвоен од страна на Управниот одбор со Одлука бр.02-3470/3 од 23.09.2010 година.<br><br>Во тек е изготвување на Финансиски план за 2011 година, од причини што се чекаше основачот-Град Скопје да ја изготви и усвои Програмата за работа за 2011 година, но претпријатието претходно изготви и достави до основачот Инвестициона програма за 2011 година на која со Одлука бр.07-357/1 од 31.01.2011г. Советот на Град Скопје даде согласност<br><br><br>Јавното претпријатие од 2009 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | извршени при обавување на дејноста на јавното претпријатие, вклучувајќи и податоци за финансиското работење и нивно доставување до Управниот одбор и основачот на претпријатието.<br><br>Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавни претпријатија, а отсуството на превземените активности за изготвување на наведениот план и наведените извештаи предизвикува ограничување на надлежностите на основачот на јавното претпријатие заради отстранување на неповолните состојби во претпријатието. | | | редовно изготвува извештаи(периодични за три, шест и девет месеци) и годишен извештај од работењето на претпријатиетo кои откако ќе ги усвои Управниот одбор се доставуваат до Советот на Град Скопје на разгледување и давање согласност на истите. |
| 11.2.4. | „Улици и патишта” во известувачкиот период и пред тоа склучил договори за кредит и позајмица за кои не обезбедил согласност од основачот и тоа:<br><br>-Договор за краткорочен кредит за обртни средства заведен под број 361/06 од 27.12.2005 година на износ од 12.200 илјади денари со рок на враќање од 12 еднакви месечни рати и истиот е вратен заклучно со мај месец 2007 година.<br><br>-Договор за позајмица заведен под број 03 – 950 | „Улици и патишта“ да воспостави процедури кои во наредниот период ќе оневозможат претпријатието да се задолжува без согласност на основачот и соодветна анализа на оправданоста на задолжувањето. | Спроведена | Во 2010 година нема задолжување за кое е потребна согласност од основачот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | од 30.03.2007 година на износ од 11.990 илјади денари со рок на враќање од 12 месеци и вратена заклучно со јули месец 2008 година.<br><br>Ваквата состојба не е во согласност со член 11 од Законот за јавните претпријатија. Непочитувањето на законските одредби предизвикува претпријатието незаконски да се задолжува за наведените средства, а за ненавременото плаќање на обврските по овој основ дополнително да биде оптоварено со камати. | | | |
| 11.2.6. | На ден 18.10.2005 година Градоначалникот на Град Скопје донел Решение број 08-3266/1 од истата дата со кое врши разрешување на вршителот на должност директор на "Улици и патишта" и истиот ден со Решение број 08-3267/1 го избира за директор на "Улици и патишта". На ревизијата не се презентирани веродостојни документи за објавување на јавен конкурс за избор на директор, што не е во согласност со одредбите на Законот за локалната самоуправа. На ден 16.10.2008 година од Централен регистар на РМ издадена е Тековна состојба од единствениот трговски регистар и регистар на други правни лица во кое е наведено дека лицето наведено во точка 4 од овој извештај е | Градоначалникот на Град Скопје да превземе активности за преиспитување на донесените акти и нивна усогласеност со Законот за локална самоуправа и Законот за јавните претпријатија. | Спроведена | Состојбата е надмината со изборот на сегашниот Директор во 2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | вршител на должност-директор, односно ваквата состојба упатува дека наведеното Решение не е спроведено во Трговскиот регистар во Централниот регистар на РМ, што не е во согласност со одредбите на Законот за Централен регистар, Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис и Законот за трговски друштва.<br>Непрезентирањето на веродостојни докази за објавен јавен конкурс и неизвршениот упис на податоците во Трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на РМ предизвикува несоодветна постапка за избор на директор, необединување на сите правно релевантни податоци во едно Решение за упис кој во себе ги содржи тековните податоци за претпријатието, издадено од Централниот регистар на РМ. | | | |
| 11.2.7. | Советот на Град Скопје донесува Одлуки за именување на (7) седум членови на Управниот Одбор на "Улици и патишта", од кои според информациите кои се презентирани на ревизијата 5 лица се со средна стручна спрема и (5) пет членови на Одборот за контрола на материјално – финансиско работење, од кои 2 | Основачот на претпријатието да води грижа и обезбеди во Управниот Одбор и Одборот за контрола на материјално – финансиско работење на претпријатието, именува | Спроведена | Во сегашниот состав на Надзорниот одбор застапени се лица со економски и правен факултет |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | лица се со средна стручна спрема, притоа неводејќи грижа за професионалните квалификации на именуваните членови односно изборот да биде извршен од редот на „афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие “, што не е во согласност со Законот за јавните претпријатија. Неводејќи грижа за утврдената состојба основачот предизвикал можност од несоодветно одлучување во работењето на Управниот одбор и несоодветно управување со работењето на претпријатието. | лица кои поседуваат знаење и искуство посебно во дејноста на финансиското – сметководственото работење, односно изборот да биде извршен од редот на „афирмирани и познати стручни лица во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие “. | | |
| | | | | |
| 11.3. | **Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| 11.3.1. | "Улици и патишта" поседува Имотен Лист бр.45709 за КП 10163 /2 во КО Центар 1 и Имотен Лист бр.32168 за КП 4395/1 во КО Кисела Вода 1 во кои е упишано правото на сопственост на градежни објекти и правото на користење на градежно земјиште во вкупна површина од 15.559 м2,. Согласно одредбите на Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост според кој се уредува приватизацијата, долготрајниот закуп, | -"Улици и патишта" да превземат мерки и активности за евидентирање на земјиштето во финансиските извештаи во согласност со МСС и усвоените сметководствени политики. | Спроведување во тек | Започната е процедура за откуп на земјиштето<br><br>Јавното претпријатие согласно Законот за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, поднесе барања до Министерство за финансии-Управа за имотно-правни работи Одделение за управна постапка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | времениот закуп, одземање и престанување на правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост на кое правото на користење имаат физички и правни лица, "Улици и патишта" има право/обврска да поднесе барање за приватизација на градежно земјиште под услови на начин и во постапка утврдени со овој закон. И покрај тоа што ваквото право/обврска со измените на наведениот закон е одложено заклучно со 25.01.2011 година, "Улици и патишта" до денот на ревизијата нема поднесено барање за приватизација на градежно земјиште за кое има право на користење евидентирано во погореспоменатите имотни листови и не превземало активности за воведување во трговските книги. Ваквата состојба предизвикува нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи, постоење на ризик од нестекнување право на сопственост на градежното земјиште доколку не се запази рокот за приватизација на градежното земјиште согласно член 27 од Законот за приватизација и закуп на државно земјиште . | -Надлежните органи за управување и раководење со "Улици и патишта" да донесат соодветен акт во кој ќе се одредат понатамошните активности за приватизација, долгорочен или времен закуп на градежното земјиште на кое право на користење има "Улици и патишта" во согласност со Законот за приватизација и закуп на државно земјиште. | | во општина Центар и општина Кисела Вода за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост на кое постои право на користење. |
| 11.3.2. | Не се превземени активности за доследно применување на донесените сметководствени политики за начинот на признавање и | Вработените задолжени за водење на трговските книги да обезбедат | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | непризнавање на краткорочните побарувања во финансиските извештаи, што не е во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди и Правилникот за содржината на одделните сметки во Сметковниот план. Непревземањето на потребните активности за примена на наведените политики предизвикува “Улици и патишта“ за тужените/сомнителните и спорни побарувања да не превземе активности за нивно соодветно евидентирање/вредносно усогласување, кое има за ефект, нереално и необјективно искажување на наведените побарувања во трговските книги, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и релевантноста и веродостојноста на информациите кои ги даваат истите. | континуирано имплементирање на пропишаните сметководствени политики вршејќи редовно вредносно усогласување и во координација со пописната комисија предложат на надлежните органи за управување и раководење да донесат акт за постапување со сомнителните и спорните побарувања. | Делумно Спроведена | Оваа препорака е прифатена и спроведена.<br>Присутни се салда на побарувања и обврски кои според законските прописи се ненаплатливи |
| 11.3.3. | Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 39 конфирмации до исто толку коминтенти добиени се 13 одговори, што претставува 33% од вкупно испратените, од кои 4 се потврдени односно 31% од пристигнатите а 9 не се потврдени односно 69%, додека 26 воопшто не одговорија што претставува 67% од испратените конфирмации. Од претходното може да се | "Улици и патишта" да превземе мерки и активности за континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица со кои имаат деловна соработка (коминтентите), заради нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи | Спроведување во тек | Што се однесува до оваа препорака јавното претпријатие ја прифати и ја спроведува започнувајќи од 2010 година.<br>Сеуште има побарувања и обврски кои се неусогласени |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | констатира мал одзив на Вашите комитенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи. | | | |
| 11.4. | **Ненаменско и незаконско користење на средствата** | | | |
| 11.4.1. | Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка на стоки и услуги предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките. | Надлежните органи на раководење на "Улици и патишта" да ги преземат неопходните активности за пропишување на политики за континуирана едукација на вработените/лицата за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, вклучувајќи ја и реализацијата на договорите за јавни набавки. | Спроведена | Во соработка со Бирото за јавни набавки организирани се обуки на вработените за практична примена на Законот за јавни набавки |